ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ПАЗАРИ
Бр. 03-211/1
10.12. 2024 год.
БИТОЛА

Изработува: Ј.П.„Пазари"-Битола
Усвојува: УО на Ј.П.„Пазари"-Битола
Разгледува:Совет на Општина Битола

П Л А Н

за работа на

ЈП "П А З А Р И" Б И Т О Л А

за

2025 ГОДИНА



Битола, декември, 2024 год.

С О Д Р Ж И Н А

1. Цели и задачи на планот за работа
2. Услови од кои зависи остварувањето на целите и задачите на планот.
3. Динамика на планираните приходи во 2025 година.
4. Планирани приходи по места на наплата.
5. Планирана динамика на трошоците во 2025 година.
6. План на деловниот резултат во 2025 година.
7. Планирани индикатори на работењето.
8. Завршни одредби

1. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПЛАНОТ ЗА РАБОТА

Јавното претпријатие „Пазари"-Битола се основа заради вршење на стопанска дејност со која на граѓаните на територијата на општина Битола им се нудат услуги за изнајмување на пазаришен и деловен простор од кој може да се врши продажба на земјоделски производи и други видови производи за задоволување на потребите на граѓаните.

За секоја локална самоуправа во нашата држава од суштествено значење е постоењето и организирањето на пазарите како услов за нормалното функционирање и работење на граѓаните на територијата на општина Битола.

Со планот за работа на ЈП„Пазари" Битола ќе се дефинира планираното работење на претпријатието во 2025 година, согласно со Законот за Комунални дејности, Законот за локална самоуправа и други подзаконски акти кои го третираат нашето работење.

Планот за работа на Ј.П.„Пазари"-Битола за 2025 година, произлегува од анализата за работењето на претпријатието во 2024 година (анализата опфаќа остварени резултати до 31.10.2024 година како и предвидување на резултатите од последните два месеци од годината) и очекувањата на деловните, стопанските и општите движења во 2025 година.

При креирањето на Планот за работа на Јавното претпријатие „Пазари"-Битола ке се стремиме кон остварување на основните цели и задачи кои Ј.П.„Пазари"-Битола ќе треба да ги постигне во 2025 година и тоа ;

1. Одржување на стабилна финансиска состојба што подразбира редовно сервисирање на сите побарувања и обврски ажурно и навремено .

2. ЈП„Пазари" доколку биде во можност, а во рамките на своите финансиски можности ке се стреми да ги подобрува условите за работа и продажба на градскиот пазар и тоа;

-Реконструкција и санација на санитарниот јазол на реон бр.6 во Градскиот пазар ;

-Работи околу внатрешна реконструкција на управната зграда кои останаа незавршени при комлетното реконструирње на зградата;

1. Одржувањето на стабилната финансиска состојба подразбира :

1.1. Максимална искористеност на пазарните капацитети и деловниот простор со кој располага ЈП"Пазари"-Битола со што би се овозможиле постојани и стабилни извори на финансирање на претпријатието;

1.2. Постојана тековна ликвидност на претпријатието преку рационално користење на финансиските средства и сведување на трошоците на оптимално ниво неопходно за функционирање на претпријатието.

2. УСЛОВИ ОД КОИ ЗАВИСИ ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ПЛАНОТ

Постигнувањето на целите предвидени со планот зависи од повеќе фактори кои би можеле да ги поделиме во две групи и тоа:

А) **Надворешни**- тоа се фактори кои не зависат од работењето на Ј.П .„Пазари"-Битола но директно влијаат врз неговата успешност.

Во нив влегуваат:

-Глобалните финансиски состојби односно условите во кои се одвива домашната и светската економија.

-Физичкиот обем на производство на земјоделски производи, кое во голема мера зависи и од климатските услови од што се определува и количеството на земјоделски производи кои се продаваат на пазарот;

- Движењето на цените на големо и мало на земјоделските производи;
- Куповната моќ на населението во Република Македонија;
- Квалитетот на изложените производи;

Б) **Внатрешни** фактори кои директно зависат од работењето на претпријатието а позначајни се:

- Организациона поставеност на претпријатието;
- Деловната политика на претпријатието;
- Ангажираност на човечкиот фактор;

Целите и задачите поставени со овој план ќе бидат постигнати доколку се остварат планираните приходи и расходи кои ќе бидат претставени во овој план.

3.ДИНАМИКА НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО 2025 ГОДИНА

ТАБЕЛА БР.1

Ред.бр.	ЕЛЕМЕНТИ	План за 2025 година	Процент на учество
1.	Приход од продажба на услуги на домашен пазар	19500000	60,9
2.	Приходи од наемнини за деловен простор	11500000	35,9
3.	Прих. од наплатени отпишани побарувања од поранешни години,донаци,помошти и вонредни приходи	1000000	3,2
	ВКУПНО :	32000000	100,0

Во табела бр.1 се прикажани планираните приходи што треба да се остварат во 2025 година и тоа: приходите од продажба на услугите на домашен пазар , приходите од наемнини за издавање на деловен простор како и приходи од наплатени отпишани поб. од поранешни години,донаци,помошти и вонредни приходи .

1.Најголемиот дел од вкупните приходи (60,9%) се остваруваат од планираните приходи од продажба на услуги на домашен пазар (табела бр. 1 под реден број 1) во износ од 19.500.000,- денари, а ги сочинуваат приходите од наплата на пазаришна такса, паушал, закупнина и надзакунина за продажен простор .

2. Планираните приходи од наемнина за деловен простор (табела бр. 1 под реден број 2) (35,9%) ги опфаќаат приходите од издавање на деловниот простор од кои очекуваме приходи од околу 11.500.000,- денари .

3.Планираните приходи од наплатени отпишани поб. од поранешни години,донаци,помошти и вонредни приходи (табела бр. 1 под реден број 3) влегуваат во групата на приходи кои не можат точно да се планираат затоа што имаат варијабилен карактер, а нивната проекција произлегува од остварените приходи од 2024 год. по истата основа, како и некои наши очекувања за 2025 год.

Во последната колона од табела бр.1 е дадено процентуалното учество на секој од овие приходи во вкупниот приход.

4. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ПО МЕСТА НА НАПЛАТА

ТАБЕЛА БР.2

Ред. бр	ЕЛЕМЕНТИ	План за 2025 година	Процент на учество
1.	Приходи од пазаришна такса	5400000	27,7
2.	Приходи од месечен паушал	9500000	48,7
3.	Приходи од закупнина и надзакупнина	3400000	17,4
4.	Приходи од Сточен пазар	1200000	6,2
	ВКУПНО	19500000	100,0

Табела број 2 претставува продолжение на табелата број 1 во која се планираат приходите од продажбата на услугите на домашниот пазар само сега дадени според местото на нивна наплата.

Најголемо процентуално учество во планираните приходи од продажба на услуги на домашен пазар по места на наплата за 2025 година отпаѓа на приходите од месечен паушал со 48,7 %, пазаришна такса со 27,7% следуваат приходите од закупнина и надзакупнина со 17,4% и приходите Сточниот пазар со 6,2%.

Неопходно е да се напомени дека сите цени на услугите на ЈП"Пазари" се наплаќаат согласно на одлуките донесени од Управниот одбор на Јавното претпријатие потврдени со Одлуки од Советот на општина Битола.

5. ПЛАНИРАНА ДИНАМИКА НА ТРОШОЦИ ПО МЕСТА НА НАСТАНУВАЊЕ ЗА 2025 ГОД.

ТАБЕЛА БР.3

ред. бр.	конто	Е Л Е М Е Н Т И	планирано за 2025 год.	% на учество
1	401	Потрошени материјали (канцелариски и суровини)	450000	1,4
2	403	Потрошена енерергија(електрична енергија, бензин, дрва)	1000000	3,1
3	407	Отис на ситен инвентар	20000	0,1
4	411	Трошоци за ПТТ услуги (телефон и интернет усл.)	235000	0,7
5	4130	Услуги за одржување(тековни)	100000	0,3
6	4136	Услуги за сервис на возила	20000	0,1
7	41390	Обезбедување на имот	30000	0,1
8	4150	Трошоци за вода	300000	0,9
9	4151	Трошоци за губре и канализација	650000	2,0
10	4158	Ветеринарни,санитарни и слични услуги	80000	0,3
11	419	Останати услуги (регистрација на возило, огласи, здравствени и интелни услуги)	50000	0,2
12	41990	Услуги на Агенции за вработување	4500000	14,2
13	421	Вкалкулирани плати	21500000	67,6
14	422	Опремнина,помошти	200000	0,6
15	423	Регрес за годишен одмор	500000	1,6
16	430	Амортизација	1050000	3,3
17	440	Надомест на трош. на враб. (дневници, ноќевања, превоз,патарини)	10000	-
18	441	Трош. за стручно образов. и надом. за вработени	10000	-
19	442	Непроизводни услуги (трошоци за У.О. и Н.О)	550000	1,7
20	443	Трошоци за спонзорства	300000	0,9
21	444	Трошоци за репрезентација	100000	0,3
22	445	Премии за осигурување	70000	0,2
23	4461	Банкарски услуги	60000	0,2
24	447	Останати трошоци данок на имот, административни и судски такси,член. на комори	60000	0,2
25	449	Услуги за вештачење,адвокатски и нотарски трошоци и списанија	100000	0,3
		ВКУПНО	31945000	100

Во табела бр.3 се прикажани планираните трошоци за 2025 година по ставки. Во текот на работењето заради рационално и ефикасно користење на средствата можни се одредени прелевања на трошковните ставки односно зголемување или намалување на едни за сметка на други трошковни ставки, при што ќе се води сметка вкупниот износ на трошоците да останат на утврденото ниво или да се намалат односно максимално да се рационализираат. Во последната колона од табела бр.3 е дадено процентуалното учество на секој од овие трошоци во вкупниот приход.

Во планот за 2025 година предвидено е и најавеното зголемување на платите во Јавниот сектор во месец Март 2025 година.

Сите други трошоци се планирани на оптимално ниво имајќи ги во предвид реализираните трошоци до 31.10.2024 година и предвидените трошоци за последните два месеци од годината.

6. ПЛАН НА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ ЗА 2025 ГОД.

ТАБЕЛА БР.4

Ред. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	планирано за 2025 год.
1.	Планирано Вкупно приходи	32.000.000,-
2.	Планирано Вкупно расходи	31.945.000,-
	Планирана Добивка пред оданочување	55.000,-

Во табела број 4 може да се види табеларен приказ на планираниот деловен резултат за 2025 година на ЈП "Пазари".

7.ПЛАНИРАНИ ИНДИКАТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО

ТАБЕЛА БР.5

Ре. бр.	Е Л Е М Е Н Т И	Коефициент Процент
1.	Економичност (вкупно приходи/вкупно расходи)	1.002
2.	Продуктивност (вкупно приходи/вкупен бр.вработени)	820.512
3.	Рентабилност (добивка/вкупно расходи)	0,002

Горенаведениот планиран деловен резултат се планираа да се оствари со 33 редовно вработени и 6 лица ангажирани преку Агенција за вработување.

8.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Од планот за работа на ЈП "Пазари"-Битола за 2025 година можат да се извлечат неколку заклучоци и тоа;

1.Основна задача и цел во 2025 година ќе биде одржување на стабилната финансиска состојба во континуитет, имајќи ги тука во предвид постоечките услови на стопанисување, надворешните и внатрешните фактори од кои директно зависи работењето на претпријатието, куповната моќ на граѓаните и др.

Во 2024 г. сведоци сме на зголемена нелојална конкуренција што подразбира продавање на земјоделски производи насекаде низ нашиот град на јавни површини (зелени појаси и тротоари) на кои не е дозволена продажбата со што се нанесува голема финансиска штета на нашето претпријатие од една страна ,а од друга страна се создава смет кои продавачите го оставаат зад себе со што се нарушува еколошката слика на градот.Исто така со ваквата нелегална и незаконска продажба се загрозува сообраќајот и слободното движење на пешаците по тротоарите и раскрсниците. Како директна последица од оваа нелојална конкуренција се намалениот број на склучени годишни договори од година во година (некаде 20 до 30 годишни договори по година последните 3 години) што негативно се инплицира на Вкупниот приход на претпријатието.

Од овие причини апелираме до инспекциските служби во наредната 2025 год. да поведат повеке сметка за ваквата состојба со што ке се овозможи продажба на земјоделски производи единствено во рамките на пазарите (онаму каде и му е местото) со што ке се овозможат услови за подобрување на финасиската состојба на претпријатието.

Исто така мора да се напомене дека ЈП„Пазари"-Битола користи ценовник за нашите услуги кој датира од пред дваесетина години. Од тука се наметнува потреба имајки го во предвид зголемениот општ индекс на цени во сите свери на живеењто да се донеси нов ценовник на услугите со нови цени кои ќе ги нуди Јавното Претпријатие „Пазари"-Битола .

Од друга страна 2024 година продолжи трендот со зголемување на минималната плата со што се зголемија и платите на вработените.Ваквата состојба на работите доведе до поголем дисбаланс на приходите и расходите на Јавното Претпријатие.

Се надеваме дека овие наши укажувања ке се земат во обзир со што ке се создадат услови за постигнување на подобри резултати во 2025 година.

2.Постојана тековна ликвидност на претпријатието преку рационално и домаќинско користење на финансиските средства и сведување на трошоците на оптимално ниво неопходно за функционирање на претпријатието.

3.Планираме приоритетно да продолжиме секако во рамките на можностите со активностите за создавање подобри услови за работење, како за продавачите така и за купувачите кои го посетуваат Градскиот пазар.

Битола , Декември 2024 г.

ЈП"ПАЗАРИ"-БИТОЛА

До:
Управен Одбор на
Ј.П. „Пазари„ – Битола

М И С Л Е Њ Е

Од Надзорен Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Ј.П. „Пазари“ – Битола.

На одржаната 23-та редовна седница на ден 11.12.2024 година по разгледувањето на Планот за работа на Ј.П. „Пазари“ – Битола за 2025 година, Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење даде **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за усвојување на Планот за работа на Ј.П. „Пазари“ – Битола за 2025 година.

02-203/3
Битола,
11.12.2024 год

Претседател на Надзорен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ – Битола

Љубе Никлески

Врз основа на член 13 од Статутот на Ј.П. „Пазари“ – Битола, Управниот Одбор на својата 44 – та редовна седница одржана на ден 11.12.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Планот за работа на Ј.П. „Пазари“ – Битола за 2025 година

1. СЕ УСВОЈУВА ВО ЦЕЛОСТ Планот за работа на Ј.П. „Пазари“ – Битола за 2025 година, по добиеното позитивно мислење од Надзорен одбор на ЈП „Пазари“ – Битола.

2. Планот за работа на Ј.П. „Пазари“ – Битола е составен дел на оваа Одлука

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

4.По еден примерок од Одлуката да се достави до архивата, сметководството и до Совет на Општина Битола.

02-204/3
Битола,
11.12.2024 год.

Претседател на Управен Одбор
на Ј.П. „Пазари“ - Битола

Владимир Крстевски